# Спасени од вжарената печка!

**Упатство:** Седни на тивко место и прочитај ги стиховите што се дадени подолу. Додека читаш, замисли си дека си во тоа време и на тоа место. Претстави си ги околината и луѓето. Слушај ги гласовите. Соживеј се со чувствата на главните ликови. Живо претстави си ги настаните.

**Главни ликови:** Седрах, Мисах, Авденаго и Навуходоносор.

**Кратка содржина:** Верата на тројцата млади Евреи е ставена на испит.

## ❶ *АНАЛИЗИРАЈ ЈА СЦЕНАТА.* (*ПРОЧИТАЈ ДАНИЕЛ 3:1-30.*)

Опиши ги звуците што си ги замислуваш додека ги читаш стиховите 3 до 7.________

________________________________

Што мислиш, каква била вжарената печка?________________

________________________________

Кои чувства може да се насетат во гласот на Навуходоносор додека заповеда печката да биде вжарена седумпати посилно од обично? (Повторно прочитај ги стиховите 19 и 20.)________________

________________________________

Што мислиш, како изгледале четворицата мажи во печката? (Повторно прочитај ги стиховите 24 и 25.)________________

________________________________

Кои особини ги покажале Седрах, Мисах и Авденаго кога зборувале со Навуходоносор, како што се гледа од стиховите 16–18?________________

________________________________

## ❷ *РАЗМИСЛИ ПОДЛАБОКО.*

Истражувај во публикациите што ги имаш и дознај колку изнесувала должината на еден лакот. Потоа, пресметај ја големината на кипот што го направил Навуходоносор. (Повторно прочитај го стих 1.)________________

________________________________

Спореди ги стиховите 19 и 20 со стиховите 28 и 29. Што мислиш, каков човек бил Навуходоносор?________________

________________________________

### ③ ИЗВЛЕЧИ ПОУКА. ЗАПИШИ СИ ШТО НАУЧИ ЗА...

тоа како да покажеш почит кон оние што имаат авторитет: ___

тоа колку е важно да се држиш за своите верувања: ___

начинот на кој Јехова може да ти помогне во тешки ситуации: ___

### ДРУГИ ПОУКИ.

Во кои ситуации *твојата* вера би можела да биде ставена на испит? ___

Како тоа што им се случило на Седрах, Мисах и Авденаго ќе ти помогне да останеш верен? ___



### ④ ШТО ТИ ОСТАВИ НАЈСИЛЕН ВПЕЧАТОК ОД ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ, И ЗОШТО?

___

www.jw.org © 2011 Watch Tower Bible and Tract Society of Pennsylvania